ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 03-766/1
08-05 2025 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Друштво за трговија и услуги
КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ
Бр. 0307-01
08.05 2025 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за користење податоци и информации

Склучен помеѓу:

1. **ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје,** со седиште на ул. Македонија Бр.25, Скопје, со ЕМБС 5549850 застапуван од директор д-р Анита Стамнова (во понатамошниот текст: **Дawател на податоци**) и

2. **Друштво за трговија и услуги КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Кеј Димитар Влахов бр. 3/ 3 Скопје, со ЕМБС 7663633, застапувано од управител Клемен Кљун , преку полномошник Адвокат Јасмина Брезовска од Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје (во понатамошниот текст: **Корисник на податоци**).

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор се утврдуваат правата и обврските на договорните страни во врска со податоците и информациите кои Давателот на податоци се обврзува да ги достави за потребите на Корисникот на податоци.

Со овој Договор се регулираат начинот и условите под кои договорните страни ќе соработуваат при користењето на податоците и информациите содржани во регистрите на Давателот на податоци, а за потребите на Корисникот на податоци.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорот, заедно со прилозите кои се составен дел на Договорот, се напишани на македонски јазик со кирилско писмо, освен одредени технички делови кои се напишани на англиски јазик и латинско писмо.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Овој Договор се склучува на определено време, односно сè до исполнување на обврските од двете договорни страни.

Договорот започнува да важи од моментот на солемнизација на Договорот пред надлежен нотар.

## НАЧИН И ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Корисникот на податоци ќе ги користи податоците и информациите од регистарот на годишни сметки кои се водат кај Давателот на податоци, кои истиот, согласно Прилогот 1 кој е составен дел на овој Договор, ќе ги доставува до Корисникот на податоци, за извршување на работите од областа на неговата дејност.

Податоците и информациите, роковите, динамиката, начинот на доставување, вредноста на Договорот и начинот на плаќање се утврдени во Прилог 1 кон овој Договор.

**Член 5**

За реализација на Договорот договорните страни определуваат лица за контакт:

- Лица за контакт од Корисникот на податоците ќе бидат:

- Клемен Кљун, сопственик и управител, klemen@companywall.com
- Матјаж Шишка, matjaz.siska@companywall.com

- Лица за контакт од Давателот на податоци ќе бидат:

- Станко Коруноски – Раководител на Сектор за водење на регистри, stanko.korunoski@crm.org.mk, + 389 2 3288 150;
- Љубица Атанасовска – Помошник раководител на сектор за водење на регистри, ljubica.atanasovska@crm.org.mk, +389 2 3288 201;
- Јулијана Крстевска – Раководител на Одделение за водење на регистар за годишни сметки, julijana.krstevska@crm.org.mk, + 389 2 3288 207;
- Борче Наумовски – Раководител на одделение за поддршка на регистарски и деловно процесни системи borce.naumovski@crm.org.mk, +389 2 3288 139.

Доколку настане промена кај лицата за контакт на било која договорна страна, договорната страна е обврзана по писмен или електронски пат да ја извести другата договорна страна најдоцна во рок од 5 (пет) дена од настанатата промена.

## ТОЧНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ, НАЧИН НА НИВНА РАЗМЕНА И ЗАШТИТА ОД ЗЛОУПОТРЕБА

**Член 6**

При подготовката на податоците ќе се користат официјалните податоци од регистрите и базите на податоци што се водат кај Давателот на податоци, кои се неревидирани и кои субјектите согласно закон ги доставуваат до истиот.

За точноста и вистинитоста на податоците внесени во регистрите на Давателот на податоци одговара подносителот на пријавата за упис во регистрите, односно оној кој ги доставил податоците за упис во регистрите.

**Член 7**

Корисникот на податоците, податоците добиени од Давателот на податоци може да ги користи на начин определен со Законот за Централен регистар односно со друг закон, при што е должен да ги заштити од неовластено користење, односно злоупотреба и да ги заштити како деловна тајна.

Корисникот на податоци, добиените податоци, односно бази на податоци не смее да ги продава односно препродава како такви во изворна форма, необработени, поединечно, делумно или целосно.

Корисникот на податоци, може добиените податоци модифицирани и поединечно да ги користи согласно неговата дејност, заедно со други податоци во свои извештаи и збирни информации.

Примероци од секој извештај и збирна информација на Корисникот на податоци, во кои се вклучени информации/податоци добиени со обработка на податоците кои се предмет на овој Договор се дадени во Прилог 2 составен дел на овој Договор.

Секој евентуално нов извештај/збирна информација или промена на постојните извештаи и збирни информации дадени во Прилог 2, Корисникот на податоци е должен да ги достави до Давателот на податоци на одобрување за користење.

Корисникот на податоци нема право податоците, односно базите на податоци добиени од Давателот на податоци, да ги објавува на јавно достапен дел од веб страната на Корисникот на податоци.

Корисникот на податоци нема право да се повикува на Давателот на податоци како извор на податоци кои не се наведени во Прилог 1 од овој Договор.

Во случај на непочитување на одредбите од овој член, Давателот на податоци, по дознавањето ќе го раскине Договорот и има право да бара надомест на реална штета.

## ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ

**Член 8**

При размена на податоците/информации од јавен карактер, договорните страни се обврзуваат истите да ги користат исклучиво за потребите и во функција на предметот на Договорот.

Техничките протоколи и методите на размена ќе се сметаат за деловна тајна и нема да бидат достапни за трети страни без претходна писмена согласност. Обврската за доверливост останува во сила и по завршување на времетраењето на Договорот.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 9**

Користењето на личните податоци помеѓу Централен регистар на Република Северна Македонија во својство на Контролор и Друштво за трговија и услуги КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ Скопје во својство на Корисник, за целото времетраење на овој

Договор, се регулира на начинот и во согласност со законската и подзаконска регулатива за заштита на личните податоци .

Контролорот има обврска да ги предаде личните податоци на Корисникот, при што однапред ги утврдува целите за користење. Целите заради кои личните податоци се даваат на користење се утврдени во Законот за заштита на личните податоци, Законот за Централен регистар и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Категориите на лични податоци и категоријата на субјектите на личните податоци кои се даваат на Корисникот се во согласност со законската и подзаконска регулатива за заштита на личните податоци, Законот за Централен регистар и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Контролорот води посебна евиденција за категориите на лични податоци кои се дадени на користење, корисникот на личните податоци, категоријата на субјекти на лични податоци, законскиот основ и причината за која овие лични податоци се дадени на Корисникот.

Корисникот може да ги користи личните податоци само за времетраењето на овој Договор. По исполнување на целите за користење на личните податоци, Корисникот е должен да ги избрише личните податоци дадени од Контролорот, на начин што ќе се осигура неовластена понатамошна обработка на личните податоци.

## НАЧИН НА ВРШЕЊЕ ПРОВЕРКА

### Член 10

Договорните страни се согласни дека Давателот на податоци ќе може во било кое време, најавено или ненајавено (освен во невреме), однапред договорено или не договорено, да изврши проверка на постапувањето на Корисникот на податоци при обработката на податоците односно на личните податоци, со цел да се провери дали се почитуваат постапките и упатствата од овој Договор од страна на Корисникот на податоци како и дали се применуваат потребните технички и организациски мерки во согласност со прописите за безбедност на информации односно заштита на личните податоци.

За извршената проверка од став 1 на овој член Давателот на податоци подготвува Записник и доколку се утврдени одредени недостатоци, договорните страни се согласни дека Корисникот на податоци ќе ги отстрани во рок и на начин со инструкции и упатства од страна на Давателот на податоци.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

### Член 11

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

Договорните страни при реализирање на Договорот, ќе ги преземат сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупција и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

## ВИША СИЛА

**Член 12**

Ниту една договорна страна не се смета за одговорна за доцнење или неуспех во извршувањето на обврските, во случај на причини надвор од негова контрола (виша сила).

За виша сила се сметаат сите ситуации кои се предизвикани од надворешни, непредвидливи и неотстранливи околности, особено (но не ограничувајќи се на): штети предизвикани од елементарни непогоди: ветер, пожар, поплава, гром и земјотрес; штрајкови, карантин и сл., на начин како што е регулирано со Законот за облигационите односи на Република Северна Македонија.

Во случаите кога настапила виша сила договорната страна е должна во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините и обезбедување на соодветни докази. По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира само под услов ако договорните страни се спогодат за тоа.

## РАСКИНУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Договорот може да се раскине спогодбено, или поради неисполнување на договорните обврски на една од договорните страни. Доколку некоја од договорните страни пропушти да исполни некоја од договорните обврски или не ја исполни навремено или соодветно, другата договорна страна за тоа писмено ќе ја извести и ќе и остави рок од најмногу 7 (седум) дена за исполнување на обврските. Доколку некоја од договорните страни не ги исполни обврските во дополнително оставениот рок, другата договорна страна може да го раскине Договорот со писмено известување и без отказен рок.

Доколку Корисникот на податоци не го уплати определениот износ утврден со овој Договор, на начин како што е утврден согласно Прилог 1, Давателот на податоци може да го раскине Договорот.

Корисникот на податоците има право да го раскине Договорот со писмено известување и со отказен рок од 30 (триесет) дена.

**Член 14**

Овој Договор може да биде дополнет и изменет единствено во писмена форма со заедничка согласност на договорните страни. Договорот може да се менува и дополнува со Анекс потпишан од овластените претставници на договорните страни.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 15**

За сè што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

**Член 16**

Во случај на спор, кој што евентуално би настанал во текот на извршувањето на овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

## ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА

**Член 17**

**Корисникот на податоци е согласен овој Договор со Прилогот 1 кој е составен дел на Договорот да претставуваат извршна исправа, така што доколку Корисникот на податоците постапува спротивно на одредбите од овој Договор, односно ги користи за комерцијални цели во изворна и необработена форма податоците од Давателот и истите ги објавува на јавно достапен дел на својата веб страна или платформа, во тој случај Давателот на податоци да може да поведе присилно извршување кај надлежен извршител, на име надомест на штета на Давателот на податоци, а предмет на извршување да биде севкупниот имот на Корисникот на податоци, подвижен и неподвижен и сите средства на сметки во банки.**

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Овој Договор се смета за склучен со денот на потпишувањето од двете договорни страни, а ќе се применува по неговото потврдување од Нотар.

**Член 19**

Овој Договор се склучува во 4 (четири) еднакви примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна.

| за Давателот на податоци | за Корисникот на податоци |
|---|---|
| директор, | управител, |
| д-р Анита Стамнова | Клемен Кљун / преку Полномошник Адвокат Јасмина Брезовска Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT SHKUP

Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ BONA FIDE СКОПЈЕ

## ПРИЛОГ 1

## ВИД, РОКОВИ, ВРЕДНОСТ, НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ, ДИНАМИКА И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ/РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ

### А. ВИД НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ И РОКОВИ ЗА НИВНО ДОСТАВУВАЊЕ/РАЗМЕНА

1. Давателот на податоци до Корисникот на податоци ќе ги достави податоците од сите обработени годишни сметки за пресметковна 2024 година (со вклучени податоци и од годишните сметки за пресметковна 2023 година).

Податоците од точка еден Давателот на податоци ќе ги изготви и достави до Корисникот на податоци со состојба на 8 мај, 15 јули, 15 септември и 15 декември 2025 година за сите поднесени и коригирани, а обработени годишни сметки, во рок од 10 (десет) работни дена соодветно по секој од наведените датуми.

Податоците од точка 1 ќе бидат изготвени во електронска форма во формат погоден за бази на податоци (MS Access, Excel или друг формат) и ќе се доставaт на CD/DVD медиум.

### Б. ВРЕДНОСТ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Податоците од точка 1 од овој Прилог, ќе бидат со вкупна вредност од 4.000.000,00 денари, согласно Тарифата на Централниот регистар.

Начинот на плаќање на податоците од точка 1 од овој Прилог е:
Корисникот на податоците е должен вкупната вредност од 4.000.000,00 денари да ја уплати на една од трансакциските сметки на Давателот на податоците пред доставување на податоците од страна на Давателот на податоците до Корисникот на податоците.

| | |
|---|---|
| **за Давателот на податоци** | **за Корисникот на податоци** |
| **директор,** | **управител,** |
| д-р Анита Стамнова | Клемен Кљун / преку Полномошник Адвокат Јасмина Брезовска Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје |

ПРИЛОГ 2

# CompanyWall business

**БОНИТЕТЕН ИЗВЕШТАЈ**

**Датум на издавање: 7. 5. 2025**

## име на компанија

КРЕДИТЕН РЕЈТИНГ **A+**

**ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

- XXXXXXX ПОДАТОЦИ
- XXXXXX РЕЗИМЕ

**ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ**

- XXXXXX РЕЈТИНГ
- XXXXXX И БЛОКОВИ
- XXXXXXX НА ПРИХОД

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

- XXXXXXXX КОМПАНИИ

**СТАТУС НА КОМПАНИЈАТА** **АКТИВНО**

CompanyWall business

Издавач: КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ, Кеј Димитар Влахов бр.3, Скопје

www.companywall.com.mk

...атоците во кредитниот извештај се резултат на пресметки врз основа на јавно достапни податоци, затоа КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ не презема никаква одговорност за ...ста, актуелноста или квалитетот на податоците содржани во извештајот. Податоците се од информативен карактер и можат да се користат исклучиво за лична и ...цијална употреба. КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ не е одговорен за евентуална штета, индиректна или директна, предизвикана на корисникот од користењето на податоците на ...

Стамчова

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

• Основни податоци

## Матична компанија

| | |
|---|---|
| Долго име: | име на компанија Прилеп |
| ЕДБ: | 12345789666555 |
| Идентификациски број: | 7777777 |
| Број на вработени: | 639 |
| НКЗ | 10.82 - Производство на какао, чоколади и кондиторски производи |
| Адреса: | XXXX КОТЕСКИ 23, ПРИЛЕП |
| Седиште: | Прилеп |
| Датум на упис: | 6. 3. 1991 |

## Клучни личности

| | |
|---|---|
| Претставници: | XXXXX НАУМОСКИ |
| Сопствениците: | |
| Супервизори: | XXXXXXXXX, КАДИЕВСКА-ВОЈНОВИЌ, НАУМОСКИ, НАУМОСКИ |
| Обвинителите: | |



станова

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

• БИЗНИС РЕЗИМЕ

| | |
|---|---|
| Трансакциски сметки: | Не е блокиран |
| Судски постапки | Не е во процес |

| | |
|---|---|
| Големина на компанијата: | |
| Орган за регистрација: | |
| Легална форма: | акционерско друштво |
| Акционерски капитал: | 248770775.00 |
| Банкарска сметка | 250170101545765, 210040152150198, 300020000035925, 380628783901136, 280110102044594, 300020000422179, 270040152150108, 200002528496179, 300020000543914, 500000001001746 |
| Салдо на тековната сметка | Активно |
| Вкупен број на денови во блокада | 0 |

# ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

• Основни финансиски




| | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| Вкупниот приход | 3.048.395.572,00 | 3.899.388.597,00 |
| Вкупните расходи | 3.086.026.450,00 | 3.971.472.007,00 |
| Добивка/Губета | 105.369.228,00 | 29.565.031,00 |
| Основна главнина | 248.770.560,00 | 248.770.560,00 |
| Вкупни средства: средства | 2.950.790.756,00 | 3.157.142.785,00 |
| Краткорочни обврски | 855.555.418,00 | 989.238.142,00 |
| Долгорочни обврски | 969.859.267,00 | 1.087.825.085,00 |
| Побарувања од купувачи | 0,00 | 0,00 |
| Рацио текуће ликвидности | 0,00 | 1,45 |
| Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 649,00 | 639,00 |
| Просечната бруто плата | 48.731,11 | 54.123,26 |
| Просечната нето плата | 29.386,27 | 32.083,02 |

извор: Централен регистар

## ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

**• Кредитен рејтинг**

нитетна оцена е неопходен економски инструмент кој се користи во современиот деловен свет како кредибилен ѓинг за деловната позиција на компанијата. Бонитетна оцена овозможува побрзи и поедноставни деловни одлуки изборот на деловен партнер, анализа на конкуренцијата и проценка на ризикот. Тие претставуваат поддршка во оцесот на финансиска анализа на секој деловен субјект.

нитетна оцена е збир на објективизирани и стандардизирани податоци што го опфаќа целиот бизнис на деловниот бјект. Се утврдува врз основа на посебна методологија која опфаќа финансиска и економска анализа на ловното работење во претходната година, воспоставена врз основа на угледот на најголемите светски рејтинг енции.

о бонитетната куќа CompanyWall Business, бонитетна оцена е комбинација од статични и динамични оценки. татичката оцена се одредува врз основа на показателите за успешност и показателите за ликвидност од дишниот извештај. Динамичниот оцена претставува вредност на променливата која е изменета од променливи акторите како што се:

- Временскиот период што субјектот го поминал во блокада
- Број и исход на судска постапка во која субјектот е учесник
- Даночни и други долгови
- Главна и секундарна дејност

КРЕДИТЕН РЕЈТИНГ A+

A+

Компанија која има заработено кредитен рејтинг A+ е онаа која не покажува знаци на ризичен бизнис во иднина.
Со ваква компанија и други компании можат квалитетно и успешно да соработуваат, а успешниот бизнис ќе продолжи и во иднина.
Нешто понизок рејтинг им беше доделен на овие компании поради минат бизнис, или кога станува збор за млада компанија, но сега е сигурен деловен партнер.

**CompanyWall business**

име на ком

# ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

• Биланс на состојба

| | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|
| НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 1.668.577.161,00 | 1.713.810.971,00 | 1,03 |
| Нематеријални средства | 2.762.375,00 | 2.833.359,00 | 1,03 |
| Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права | 2.274.200,00 | 1.475.238,00 | 0,65 |
| Нематеријални средства во подготовка | 0,00 | 1.358.121,00 | 0,00 |
| Останати нематеријални средства | 488.175,00 | 0,00 | 0,00 |
| МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 1.390.235.455,00 | 1.512.354.368,00 | 1,09 |
| Недвижности | 759.711.495,00 | 798.024.382,00 | 1,05 |
| Земјиште | 72.860.802,00 | 82.493.245,00 | 1,13 |
| Градежни објекти | 686.850.693,00 | 715.531.137,00 | 1,04 |
| Постројки и опрема | 440.272.863,00 | 447.322.698,00 | 1,02 |
| Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 142.177.976,00 | 150.674.635,00 | 1,06 |
| Материјални средства во подготовка | 48.073.121,00 | 116.332.653,00 | 2,42 |
| ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ | 744.362,00 | 744.362,00 | 1,00 |
| ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 274.834.969,00 | 197.878.882,00 | 0,72 |
| Вложувања во подружници | 113.263.080,00 | 113.263.079,00 | 1,00 |
| Вложувања во долгорочни хартии | 159.670.567,00 | 82.084.390,00 | 0,51 |
| Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба | 66.889.572,00 | 38.481.275,00 | 0,58 |
| Вложувања во хартии од вредност според објективната вредност преку добивката или загубата | 92.780.995,00 | 43.603.115,00 | 0,47 |
| Останати долгорочни финансиски средства | 1.901.322,00 | 2.531.413,00 | 1,33 |
| ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 1.258.385.601,00 | 1.436.508.293,00 | 1,14 |
| ЗАЛИХИ | 658.234.818,00 | 737.054.061,00 | 1,12 |
| Залихи на суровини и материјали | 253.514.372,00 | 199.697.735,00 | 0,79 |
| Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 121.851.186,00 | 142.003.063,00 | 1,17 |
| Залихи на недовршени производи и полупроизводи | 114.193.767,00 | 216.770.119,00 | 1,90 |
| Залихи на готови производи | 162.997.860,00 | 170.667.141,00 | 1,05 |
| Залихи на трговски стоки | 5.677.633,00 | 7.916.003,00 | 1,39 |
| КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 582.928.189,00 | 690.115.941,00 | 1,18 |
| Побарувања од купувачи | 492.338.244,00 | 635.643.590,00 | 1,29 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 54.024.997,00 | 20.546.553,00 | 0,38 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 35.483.623,00 | 32.882.516,00 | 0,93 |

## ИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

• Биланс на состојба

| | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Побарувања од вработените | 1.081.325,00 | 836.840,00 | 0,77 |
| Останати краткорочни побарувања | 0,00 | 206.442,00 | 0,00 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 17.222.594,00 | 9.338.291,00 | 0,54 |
| Парични средства | 17.222.594,00 | 9.338.291,00 | 0,54 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ | 23.827.994,00 | 6.823.521,00 | 0,29 |
| Вкупни средства: средства | 2.950.790.756,00 | 3.157.142.785,00 | 1,07 |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | 145.154.028,00 | 145.154.028,00 | 1,00 |
| ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ | 1.087.873.038,00 | 1.032.167.068,00 | 0,95 |
| Основна главнина | 248.770.560,00 | 248.770.560,00 | 1,00 |
| СОПСТВЕНИ АКЦИИ | 26.574.780,00 | 27.374.798,00 | 1,03 |
| РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 92.785.201,00 | 43.662.378,00 | 0,47 |
| РЕЗЕРВИ | 309.963.697,00 | 326.328.419,00 | 1,05 |
| Законски резерви | 94.326.391,00 | 94.326.391,00 | 1,00 |
| Статутарни резерви | 40.000.000,00 | 40.000.000,00 | 1,00 |
| Останати резерви | 175.637.306,00 | 192.002.028,00 | 1,09 |
| АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 410.888.838,00 | 410.888.838,00 | 1,00 |
| ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 52.039.522,00 | 29.891.671,00 | 0,57 |
| ОБВРСКИ | 1.825.414.685,00 | 2.077.063.227,00 | 1,14 |
| Долгорочни обврски | 969.859.267,00 | 1.087.825.085,00 | 1,12 |
| Обврски по заеми и кредити | 969.859.267,00 | 1.087.825.085,00 | 1.12 |
| Краткорочни обврски | 855.555.418,00 | 989.238.142,00 | 1,16 |
| Обврски спрема добавувачи | 272.451.182,00 | 399.302.735,00 | 1,47 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | 3.189.052,00 | 316.240,00 | 0,10 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати | 9.880.447,00 | 12.149.430,00 | 1,23 |
| Обврски кон вработените | 20.964.893,00 | 24.176.031,00 | 1,15 |
| Тековни даночни обврски | 2.674.819,00 | 2.064.388,00 | 0,77 |
| Обврски по заеми и кредити | 527.442.791,00 | 542.622.934,00 | 1,03 |
| Обврски по основ на учество во резултатот | 148.645,00 | 8.606.384,00 | 57,90 |
| Останати краткорочни обврски | 18.803.589,00 | 0,00 | 0,00 |
| ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ | 37.503.033,00 | 47.912.490,00 | 1,28 |

# ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

• Биланс на состојба

| | 2021 | 2022 | Индех |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО ПАСИВА: ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ | 2.950.790.756,00 | 3.157.142.785,00 | 1,07 |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА | 145.154.028,00 | 145.154.028,00 | 1,00 |

Индекс
1,07
1,00

# ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

## • ИЗВЕШТАЈ НА ПРИХОД

| | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од работењето | 3.039.205.645,00 | 3.889.095.000,00 | 1,28 |
| Приходи од продажба | 2.983.572.242,00 | 3.777.235.957,00 | 1,27 |
| Останати приходи | 55.633.403,00 | 111.859.043,00 | 2,01 |
| Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината | 175.210.222,00 | 277.191.627,00 | 1,58 |
| Залихи на готови производи и недовршено производство на крајот на годината | 270.075.307,00 | 382.396.062,00 | 1,42 |
| Расходи од работењето | 3.048.564.116,00 | 3.924.836.616,00 | 1,29 |
| Трошоци за суровини и други материјали | 2.040.426.239,00 | 2.752.340.387,00 | 1,35 |
| Набавна вредност на продадените стоки | 14.714.915,00 | 98.492.779,00 | 6,69 |
| Набавна вредност на продадените материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 1.781.600,00 | 5.359.175,00 | 3,01 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 225.313.371,00 | 246.483.651,00 | 1,09 |
| Останати трошоци од работењето | 96.230.309,00 | 132.553.431,00 | 1,38 |
| Трошоци за вработени | 379.517.886,00 | 415.017.177,00 | 1,09 |
| Плати и надоместоци на плата | 228.860.239,00 | 246.012.567,00 | 1,07 |
| Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 18.740.684,00 | 20.726.432,00 | 1,11 |
| Придонеси од задолжително социјално осигурување | 98.062.266,00 | 106.022.707,00 | 1,08 |
| Останати трошоци за вработените | 33.854.697,00 | 42.255.471,00 | 1,25 |
| Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 109.411.610,00 | 110.245.350,00 | 1,01 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства | 1.277.953,00 | 2.582.342,00 | 2,02 |
| Останати расходи од работењето | 179.890.233,00 | 161.762.324,00 | 0,90 |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 9.189.927,00 | 10.293.597,00 | 1,12 |
| Приходи од вложувања во неповрзани друштва | 7.685.400,00 | 8.993.671,00 | 1,17 |
| Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 1.504.527,00 | 1.299.926,00 | 0,86 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 37.462.334,00 | 46.635.391,00 | 1,24 |
| Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 35.997.212,00 | 44.141.810,00 | 1,23 |
| Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 1.465.122,00 | 2.493.581,00 | 1,70 |
| Добивка од редовното работење | 57.234.207,00 | 33.121.025,00 | 0,58 |
| Добивка пред оданочување | 57.234.207,00 | 33.121.025,00 | 0,58 |
| Данок на добивка | 5.194.685,00 | 3.229.354,00 | 0,62 |
| НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 52.039.522,00 | 29.891.671,00 | 0,57 |

CompanyWall business

име на к

# ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

## • ИЗВЕШТАЈ НА ПРИХОД

| ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД | 2021 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Добивка која им припада на имателите на акции на матичното друштво | 0,00 | 29.891.671,00 | 0,00 |
| Нето останата сеопфатна добивка | 0,00 | 29.891.671,00 | 0,00 |
| Нето останата сеопфатна загуби | 53.329.706,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | 0,00 | 326.640,00 | 0,00 |
| | 105.369.228,00 | 29.565.031,00 | 0,28 |

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

• Конкурентни компании

### Конкурентни компании

| БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ ВО ИСТАТА ДЕЈНОСТ МАКЕДОНИЈА | БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ ВО ИСТАТА ДЕЈНОСТ РЕГИОН |
|---|---|
| 18 | 5 |

### ајуспешните компании во индустријата

| Име | Единица активност | ЕДБ | Приходи од работењето | Вкупна сеопфатна загуба за годината | ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ |
|---|---|---|---|---|---|
| ВИТАМИНКА | Активно | 4021991116887 | 3.889.095.000,00 | 0,00 | 1.032.167.068,00 |
| МАКПРОГРЕС | Активно | 4005002104926 | 1.777.119.780,00 | 0,00 | 1.340.472.515,00 |
| СВИССЛИОН-АГРОПЛОД ДООЕЛ Ресен | Активно | 4024006108238 | 892.475.357,00 | 0,00 | 721.301.926,00 |
| ЛИОН ДОО Свети Николе | Активно | 4025998105002 | 373.817.305,00 | 7.895.163,00 | 179.467.330,00 |
| ЕВРОПА ДООЕЛ Штип | Активно | 4029998114171 | 250.094.607,00 | 0,00 | 117.233.374,00 |

### Компании со најлоши резултати во оваа индустрија

| Име | Единица активност | ЕДБ | Приходи од работењето | Вкупна сеопфатна загуба за годината | ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ |
|---|---|---|---|---|---|
| ЧОКО АВИАТОРС ДООЕЛ Чучер Сандево | Активно | 4085013500991 | 233.386,00 | 183.350,00 | -657.407,00 |
| ЈУКАЧ МЕД ДООЕЛ | Активно | 4019022510875 | 346.139,00 | 0,00 | 633.195,00 |
| ЕУРОХЕМ ДООЕЛ | Активно | 4030003469825 | 972.068,00 | 0,00 | 1.266.435,00 |
| ЛА ГАНАЧЕ ДОО - Скопје | Активно | 4080020588452 | 4.586.290,00 | 0,00 | 59.342,00 |
| ГОДАМ | Активно | 4021991111893 | 6.929.782,00 | 0,00 | 18.508.382,00 |

извор: Централен регистар

CompanyWall
business

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
МИРОСЛАВ СТОЈЧЕВСКИ
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНАСТАСИЈА
ПЕТРЕСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНАСТАСИЈА
ПЕТРЕСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
МИРОСЛАВ СТОЈЧЕВСКИ
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје